# Повик за обновување на посветеноста:
# Заложби од Хелсинки за
# родово сензитивни парламенти во регионот на ОБСЕ

Ние, пратеници од целиот регион на ОБСЕ, собрани во Хелсинки, Финска, на 3–4 јуни 2025 година на работилницата „Остварување на родовата еднаквост во и преку парламентите“, посветена на прегледот на напредокот кон родово сензитивни парламенти, со ова го потврдуваме и повторно го истакнуваме следново:

- Националните парламенти, како основни институции на демократијата, имаат уникатна положба да го поттикнат унапредувањето и остварувањето на родовата еднаквост во политиката, како и во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Оваа клучна улога на парламентите е цврсто утврдена во меѓународните договори и заложби, вклучувајќи ја и Пекиншката платформа за акција од 1995 година — чија 30-годишнина ја одбележуваме оваа година — и Акцискиот план на ОБСЕ за унапредување на родовата еднаквост од 2004 година (Одлука бр. 14/04), чијшто принципи сè уште се основа за нашите напори денес.
- Концептот на родово сензитивни парламенти стана најсеопфатен израз на одговорноста на парламентите да ја унапредуваат и одржуваат родовата еднаквост. Меѓународните и меѓу-парламентарните организации имаат водечка улога во оваа насока, создавајќи база на докази и политички рамки кои поттикнуваат понатамошни активности. Декларацијата од Кигали на Интерпарламентарната унија од 2022 година претставува моќно потсетување на глобалната парламентарна посветеност кон оваа агенда.
- Бројни меѓувладини ентитети денес посветуваат ресурси за елиминирање на пречките за целосно и ефикасно учество на жените во парламентите и овозможување на законодавните тела да работат на унапредување на родовата еднаквост, политиките за еднаквост и родово сензитивниот надзор.

Во изминатите три децении, сведоци сме на голем напредок во унапредувањето на родовата еднаквост во рамките на парламентите. Земјите членки во ОБСЕ:

- Тројно ја зголемија просечната застапеност на жени пратенички, достигнувајќи 31.6%;
- Усвоија иновативни закони за родова еднаквост со цел борба против дискриминација и промовирање на родова сензитивност во процесите на донесување одлуки;
- Ги зајакнаа министерствата, агенциите и советите задолжени за политики за родова еднаквост и остварување на правата на жените;
- Воведоа привремени специјални мерки — вклучувајќи законодавни родови квоти и таргетирано финансирање на партии — за да се намали прекумерната застапеност на мажи и да се постигне долгорочна родова рамнотежа во политиката.

Сепак, и покрај овие напори, напредокот во регионот на ОБСЕ е во застој. Сведоци сме на загрижувачки знаци на назадување и на сè поголем отпор кон родовата еднаквост. Повеќе од кога било, развојот на родово сензитивни парламенти е од суштинско значење за спротивставување на овие негативни трендови.

Во овој контекст, ние, пратеници од целиот регион на ОБСЕ, повикуваме на обновена заложба кон глобалната агенда за родово сензитивни парламенти и кон родовата рамноправност како трајна норма и принцип на владеење.

Ги повикуваме националните парламенти во регионот на ОБСЕ:

1. Да усвојат национална политичка заложба за постигнување родова рамноправност во наредната деценија, поддржана со мерлив и реален патоказ и цели за застапеност во следните три изборни циклуси;
2. Да спроведуваат партиципативни родови ревизии во секој пратенички состав за да се оцени како се интегрира родовата еднаквост во клучните парламентарни функции — претставување, законодавство и надзор;
3. Да формираат управувачка група со родов баланс за следење на наодите и препораките од родовите ревизии, спроведување на конкретни, трансформативни мерки во рамките на акциските планови за родова еднаквост, и следење на институционалната трансформација;
4. Да воведат законодавни реформи кои ќе го поттикнат учеството на жените не само во парламентот туку и во политичките партии и во извршните и претставничките тела на национално и локално ниво;
5. Да ги ревидираат и прилагодуваат парламентарниот Деловник за работа и другите регулативи на редовна основа, за да се промовира родова рамнотежа во сите парламентарни структури и да се подобри родовата сензитивност во законодавните и надзорните процеси;
6. Да ги зајакнат мандатите, ресурсите и капацитетите на парламентарните комисии и други релевантни тела, за да се осигури дека потребите и гледиштата на сите родови се вклучени во законодавството и надзорот, врз основа на податоци поделени по пол;
7. Да развијат таргетирани програми за вклучување повеќе мажи — вклучително и пратеници — како сојузници и трансформативни чинители кои ќе делат одговорност со женските лидери во унапредувањето на политиките за родова еднаквост;
8. Да го признаат насилството врз жените во политиката како сериозна пречка за учество и го спречат и санкционираат преку сеопфатни, координирани политики, санкции, истражувања, обуки, зајакнување на свеста и мерки за пријавување;
9. Да го признаат парламентот како работно место и поттикнат култура што поддржува рамнотежа меѓу работата и приватниот живот и грижата за семејството, како за пратениците така и за персоналот;
10. Да обезбедат националните буџети да се развиваат и спроведуваат во согласност со приоритетите за родова еднаквост и со меѓународните практики за родово одговорно буџетирање;
11. Да ги идентификуваат и отстранат пречките за политичко учество на недоволно застапените групи — вклучително и младите, лицата од рурални средини, лицата со попреченост и припадниците на национални и етнички малцинства — со посебен фокус на жените од тие групи, преку иницијативи за зајакнување, кои промовираат различност и инклузија во претставувањето во парламентот;
12. Проактивно да идентификуваат и усвојат мерки за отпор и спротивставување на националните и глобалните назадувања на полето на родовата еднаквост преку внимателно следење, комуникација, застапување и стратешки политички активности, со континуирана работа посветена на надминување на штетните стереотипи и социјалните норми што ја попречуваат суштинската еднаквост.

Заедно, како што е содржано во овие Заложби, мора да создадеме парламенти кои ја отелотворуваат еднаквоста, различноста и ги застапуваат правата на секој граѓанин — стремејќи се кон 50:50 родова рамноправност помеѓу жените и мажите, овозможувајќи да се слушнат сите гласови, низ сите генерации и позадини.